ПРОЛЕТ 2005 ▫ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИ ЕКОЛОШКИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ВО МАКЕДОНИЈА *стр.* 3

РЕГИОНАЛНА СРЕДБА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗЕМЈОДЕЛИЕ *стр.* 4

ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМА ЗА ПРИОРИТЕТНИ ИНВЕСТИРАЊА ВО ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА *стр.* 5

EXPERIENCE AND PARTNERSHIP

REC • 15 YEARS

ПРОСЛАВА 15 ГОДИНИ РЕЦ *стр.* 6

IAIA 05 КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА *стр.* 8

***ПОЧИТУВАНИ ПРИЈАТЕЛИ,***
***Со особено задоволство сакаме да Ве информираме дека нашата организација почнувајќи од 1 јуни 2005 година има нови канцеларии!***
***Новата локација на РЕЦ Канцеларијата во Македонија се наоѓа во кругот на ЈП Паркови и Зеленило - Скопје***
***Адреса:***
***РЕЦ Канцеларија во Македонија***
***ул. Илинденска бр. 118,***
***1000 Скопје***
***Воедно сакаме да Ве информираме дека имаме и нови телефонски броеви:***
***тел и факс: (+389) 02/3090 135, 3090 136, 3060 146 и 3060 147***

***За било какви дополнителни информации Ве молиме да не контактирате***





**Адреса на главната Канцеларија во Сентендре:**
The Regional Environmental Center
for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szententre Hungary
Tel.+36 26 504 000;
Fax. +36 26 311 294
e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на Канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
ул. Илинденска бр. 118
1000 Скопје
Тел/факс: 02 3090 135; 3090 136
3060 146 и 3060147
e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИ ЕКОЛОШКИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ВО МАКЕДОНИЈА

Во рамките на проектот "Развивање на Локални Еколошки Акциони Планови (ЛЕАПи) во Република Македонија" во изминатиов период беа реализирани бројни активности. Како прва од низата беше организирањето на вториот семинар на тема "*Утврдување на приоритети и пишување на ЛЕАП*", кој се оддржа во периодот од 13 - 15 април 2005 година во хотел "Сириус" во Струмица. На овој семинар учествуваа по шест претставници на општините - добитници, кои работат на развој на ЛЕАПи во 6 општини во Република Македонија. Заради успешно остварување на специфичните цели на овој семинар, на истиот учествуваа: претставници на Локалниот комитет формиран за изработка на ЛЕАП во секоја од општините, како и претставници на некоја од работните групи. Поради тоа што еден од условите за добивање на финансиска поддршка за изработка на ЛЕАП беше и партнерство со една невладина организација, задолжително беше и присуство на еден член на партнерската невладина организација. Исто така општините имаа задолжение за семинарот да ја имаат подготвено и донесено Проценката на состојбата со животната средина во нивната општина, а самите учесници веќе претходно да бидат добро запознаени со нејзината содржина. Семинарот беше воден од страна на тимот на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија, фацилитиран од г-динот Јордан Бајрактаров, Раководител на проектот и г-ѓата Катарина Стојковска, Директор на РЕЦ. Првиот ден од семинарот беше посветен на утврдување на приоритетите за животната средина во секоја општина и запознавање со SWOT анализа. На крајот учениците имаа можност за давање на свои коментари и забелешки во однос на презентираното. Вториот ден беше посветен на дефинирањето на целите и задачите, идентификација и селекција на активностите. Третиот ден од семинарот се однесување на пишувањето на ЛЕАП документот како и на Планот за набљудување и оценување на ЛЕАП.

Како дел од Компонентата 5 од ЛЕАП проектот, во периодот од 22-23 април, 2005 год. во хотел "Маршал" на планината Бјелашница, Босна и Херцеговина Канцеларијата на РЕЦ во Босна и Херцеговина го организираше регионалниот состанок *"ЛЕАПи за планетата земја"*. На овој состанок присуствуваа учесници од сите земји во кои се работи проектот за ЛЕАПи како и претсатвници на Канцелариите на РЕЦ кои го имплементираат проектот во земјите: Македонија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора и Албанија. На оваа средба Република Македонија како и самиот ЛЕАП проект ја претставуваа по двајца учесници од секоја од 6те општини кои работат на изработка на ЛЕАП, координаторот и уште еден претставник од секоја од општините. На состанокот исто така учествуваа и Заменикот Министер за животна средина и просторно планирање г-динот Драгољуб Матовски како и г-ѓата Каја Шукова од МЖСПП.

На состанокот главни теми беа м*едиуми и проток на информации од Владата до граѓаните и обратно, локален одржлив развој; Проблемите со животната средина во медиумите; Концепт за електронско вмрежување на општините вклучени во процесот на изработка на ЛЕАП*. Исто така се дискутираше *за медиуми и ЛЕАП, известување на напредокот на проектот и постигнатите резултати со фокус на ЛЕАП - Однос со медиумите на претставниците на општините, животна средина и здравствени проценки; здрава животна средина; и здравје на децата*. Учесниците стекнаа големо и важно



Предавања за техники за комуникација, презентација и водење на состанок

Канцеларијата на РЕЦ интезивно ги продолжи активностите во рамките на проектот со организирање на дводневна обука за локалните ЛЕАП координатори на тема: *“Техники за комуникација, презентација и водење на состаноци“*. Обуката се одржа во салата за состаноци на канцеларијата на РЕЦ во периодот од 22 и 23 јуни, 2005 год, на која учествуваа по двајца претставници на општините како и претставник на донаторот Sida. Обуката беше водена од г-дин Станислав Петковски - психолог и г-дин Јордан Бајрактаров, раководител на проектот. Целта на оваа обука беше да им даде напатствија на ЛЕАП координаторите и нивните проектни тимови за подготовка на презентации и подобрување на нивните способности за комуникација. Овие вештини треба да им помогнат во нивната работа за време на периодот на имплементација на ЛЕАП проектот и да ги зголеми капацитетите за идната нивна работа во општините.



Работа во групи за изготвување на SWOT-анализа

Општините своите активности ги реализираат во постојана комуникација со проектниот тим на РЕЦ, кој редовно ги посетува и им помага со техничка и стручна помош во нивната работа. Општините ја реализираа и завршната проценка на состојбите со животната средина по DPSIR методологијата и подготвија извештаи. Сите општини направија јавна анкета и SWOT анализа на општината а исто така беа остварени и неколку средби со работните групи и Локалните комитети.

*Контакт лица:*
**Јордан Бајрактаров**
*Раководител на Проектот*
**e-mail: jordan@rec.org,mk**
**Марина Орцанова**
*Асистент на проектот*
**e-mail:marina@rec.org.mk**

## ИНТЕГРАЦИЈА НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗЕМЈОДЕЛИЕ

**В**о периодот од 15-16 април 2005 год. во Драч, Албанија, во организација на РЕЦ, се одржа состанок за промоција на политиката за интеграција на земјоделството и животната средина во земјите од Југоисточна Европа. Состанокот го отвори Etleva Kanaj, Заменик Министер за животна средина во Албанија, а присуствуваа претставници од земјите од регионот: Србија и Црна Гора, Косово, БиХ, Хрватска, Македонија и Албанија.

Согласно дневниот ред на состанокот беше направена воведна презентација за проектот од страна на Jennifer McGuinn, раководител на одделение за политика за животна средина и Grazyna Krzywkowska, раководител на проекти во РЕЦ. Потоа беше разгледан документот, изработен врз основа на претходно доставените прашалници до релевантните институции во земјите, во кој беа опфатени главните точки во врска со интеграцијата на животната средина во земјоделството во ЈИЕ.

Во втората сесија беа презентирани примери на најдобра пракса и инструменти за интеграција на политиката на животната средина во земјоделството од страна на:

-Arben Molla, директор на Сектор за заштита на природата, Албанија - Развој и имплементација на Програмата за рурален развој;

-Матија Франковиќ, директор на Паркот на природа Жумберак-Самоборско Горје - Придобивки/научени лекции од имплементацијата на Агро-еколошките мерки во Паркот;

-Olaf Bastian, Саксонска академија на науки, Германија - Придобивки/научени лекции од проектот финансиран од ЕЦ “Агро-еколошки мерки за проценка и зачувување на биодиверзитетот“;

-Zbigniew Karaczun, Универзитет за земјоделство, Полска - Искуства од имплементацијата на Полската агро-еколошка програма.

Во третата сесија, после заклучоците од презентираните најдобри примери за интеграција на политиките за животна средина и земјоделство, беа формирани две работни групи на кои се дискутираше за селектираните клучни теми за интеграција. Како значајна тема беше избрана “ерозија на почвата“ и истата беше детално обработена при што беа дефинирани: главна цел, активности за редукција и превенција на ерозијата, попречувачи, мониторинг, можни фактори за успех и регионални можности.

Врз основа на разгледаните приоритетни проблеми и потреби на политиката за интегрирање на земјоделството и животната средина во земјите од Југоисточна Европа, односно приоритетните проблеми за рурален развој, како и, презентираните примери/искуства од земјите од ЕУ, Ќе се развијат конкретни чекори кои треба да се превземат на национално и регионално ниво, согласно донесените заклучоци и истите ќе ни бидат доставени од страна на РЕЦ во најскоро време.

Подготвиле:
**М-р Робертина Брајановска**
**Тања Пауновска**
**МЖСПП**

## АПРОКСИМАЦИЈА НА ЕУ ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО НАЦИОНАЛНИТЕ ЗАКОНОДАВСТВА НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Регионалните активности во рамките на РЕРеП 1.3 проектот "*Поддршка во изготвување на законските прописи од областа на животната средина во земјите на Југоисточна Европа (ЈИЕ)*" финансиски поддржан од страна на ЕУ продолжија со два настана одржани во средината на јуни 2005 година.

Во периодот 13-17 јуни 2005год. во Цетиње, Србија и Црна Гора се одржаа регионална работилница "*Апроксимација на ЕУ законодавството за управување со отпад во земјите на ЈИЕ*" како и петтиот состанок на членовите на мрежата на високи владини претставници за изготвување на закони од областа на животната средина од земјите на ЈИЕ.

Регионалната работилница имаше за цел да ги презентира најновите достигнувања со изготвувањето на законските прописи од областа на управувањето со отпадот во однос на ЕУ директивите во земјите на ЈИЕ, да обезбеди пренос на знаење од страна на земјите кои веќе ги спроведуваат истите преку пилот проекти (Бугарија и Романија). Исто така работилницата обезбеди препораки од страна на ЕУ и Германија на земјите од ЈИЕ во процесот на апроксимирање на ЕУ директивите и подготовката на подзаконските акти.

Од страна на Македонија работилницата ја следеше петчлена делегација составена од претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање и Секретаријатот за законодавство. За време на работилницата беше претставено македонското неодамнешно позитивно искуство во подготовка на новиот Закон за отпад и потребата од помош во подготовка на подзаконските акти од оваа област.

Во продолжение на регионалната работилница тричлена делегација од Македонија како членови на мрежата на високи владини претставници остана и на петтиот состанок во рамките на РЕРеП 1.3 проектот.

На состанокот се презентираа досегашните резултати на РЕРеП 1.3 проектот, се презентираше нацрт верзијата на регионалниот извештај " Преглед на состојбите со подготовка на законодавството од областа на животната средина во земјите на ЈИЕ" и се разговараше за развивање на нови механизми за дефинирање на приоритети и активности на регионално и национално ниво во рамките на проектот.

За време на состанокот беше презентирана поддршката од страна на РЕРеП 1.3 проектот за Македонија во подготовката на законодавството за хемикалии преку неколку активности одржани минатата година.

Во завршните говори се потенцираше потребата за поддршка на проектот во подготовка на подзаконските акти од различни области: отпад, хемикалии, воздух и др., како и обуки за специфични сектори од европското законодавство.

*Контакт лице:*
**Славјанка Пејчиновска-Андонова**
*Раководител на Проектот*
**e-mail:** slavjanka@rec.org,mk

## ПОМОШ ПРИ ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМА ЗА ПРИОРИТЕТНИ ИНВЕСТИРАЊА ВО ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во продолжение на проектот РЕРеП 1.2 во рамките на кој е изработена *Програма за приоритетни инвестирања во областа на животната средина* која ги опфаќа сите земји од регионот на Југоисточна Европа: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Србија и Црна Гора и Косово (територија под администрација на ОН) од 16 до 24 мај , 2005 год, во Драч., Република Албанија се одржаа едноподруго три работилници за воздух, отпад и вода. Работилниците претежно беа фокусирани на развивање на стратегии за жариштата во земјите учеснички во проектот и разгледување на апликативни економски инструменти и нивна релевантност за подобрување на состојбата со животната средина под директно влијание на одредените жаришта, како и можните понатамошни извори на финансирање за санирање на постоечката состојба.

На работилниците учествуваа по еден претставник од две жаришта за релевантната област и претставник од Министерството за Животна Средина од секоја земја. Учесниците дискутираа околу резултатите од последната проценката со состојбата на жариштата, беа запознати со опциите за пронаоѓање на економски инструменти за подобрување на состојбата а им беа презентирани и досегашни успешни проекти од релевантните области.

Во рамките на активностите на проектот се направи



повторна ревизија на бројот и локациите на жариштата во Република Македонија а истовремено и листата се дополни со нови информации за проекти за кои што се веќе најдени средства за санација на животната средина. Следна активност на проектот ќе биде организирање на Регионална Средба во Брисел од 20 -22 Септември, 2005 година, каде што во присуство на највисоки претставници на Министерствата за животна средина од регионот приоритетните проекти од секоја земја ќе бидат претставени пред донаторската заедница и меѓународните финансиски институции.

*Контакт лице:*
**Корнелија Радовановиќ**
*Раководител на Проектот*
**e-mail:** kornelija@rec.org,mk



Во дворот на Главната Канцеларија на РЕЦ беше организирана главната свеченост за сите вработени на РЕЦ, 29 јуни 2005 год.

Регионалниот центар за заштитана животната средина за Централна и Источна Европа, влезе во својата 15 година од основањето и помагањето на земјите од регионот во решавањето на проблемите со животната средина. На 28 јуни 2005 год. беше организирано Генерално Собрание на РЕЦ на кое присуствуваа високи претставници од 28 земји потписнички на Статутот на РЕЦ и на кое се дискутирање за одржливиот развој во регионот. Македонската делегација на ова собрание ја сочинуваа Министерот за животна средина и просторно планирање г-динот Зоран Шапуриќ, Заменик Министерот г-динот Драгољуб Матовски и Државниот Секретар г-ѓа Линдита Шаќири-Атанасова.

# 15 ГОДИ



Дел од дружењето на гостите на забавата, 29 јуни 2005 год.

На Генералното Собрание на РЕЦ свое обраќање имаше и Премиерот на Република Македонија, г-динот Владо Бучковски, кој меѓудругото истакна: “Ми претставува големо задоволство дека мојата посета на Унгарија е во исто време со овој значаен настан: 15 години на Регионалниот Центар за заштита на животната средина со седиште во прекрасната Будимпешта. Оттука би сакал да го искажам моето големо задовлство и да дадам свој придонес кон помошта која РЕЦ ја овозможува на земјите од Југоисточна Европа во изминативе години.

Ми претставува посебно задоволство тоа што Канцеларијата на РЕЦ во Македонија ги има постигнато своите цели - учество на јавноста во процесите на одлучување за заштитата на животната средина, соработката помеѓу Невладините оргазнизации, Владините инсти-

Петнаесетиот Роденден на РЕЦ беше свечено одбележан во периодот од 27-29 јуни 2005 год, во Будимпешта (Унгарија). За време на оваа пријателско дружење, Организаторите на прославата ја искористија можноста да поразговараат со своите партнери за идните активности фокусирајќи се на одржливоста. На прославата учествуваа високи државни делегации сите од земји во кои РЕЦ има свои канцеларии. Делегацијата од Македонија ја предводеше Премиерот на Република Македонија г-динот Владо Бучковски, Министерот за животна средина г-динот Зоран Шапуриќ и Министерот за Образование г-дин Азис Положани. По тој повод Премиерот имаше свое обраќање.



Персоналот од Канцеларијата на РЕЦ во Македонија
на прославата во Сентендре, Унгарија

# НИ РЕЦ

"Ни не смееме да го заборавиме придонесот на РЕЦ кон соработката во земјите од Југоисточна Европа. Од оваа гледна точка, ќе ги споменам дваесетте проекти во кои Македонија имаше учество. Посебен акцент треба да се даде на проектот Заштита на Охридското Езеро, проект кој претставува прв успешен обид за меѓугранична соработка помеѓу Македонија и Албанија за одржливо управување на Охридското Езеро и заштитата на природните ресурси и биодиверзитетот во тој регион. Во дополнение, да го изразам моето задоволство за придонесот на РЕЦ во развојот на Локалните еколошки планови во согласност со Европската Регулатива."

*Извадок од говорот на*
*Премиерот на РМ*
*Проф. Д-р Владо Бучковски*



Премиерот на Р Македонија со свое обраЌање на Генералното Собрание на РЕЦ

# IAIA „05 КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Меѓународната Асоцијација за одредување на влијание врз животната средина (IAIA) го прослави своето 25-годишно активно постоење за време на одржувањето на Конференцијата *"Етика и квалитет"* која се одржа во Бостон, Масачусетс , САД од 31 мај до 3 јуни 2005 год.

Меѓународната Асоцијација претставува невладина организација која брои членство од околу 2500 професионалци од обласа на оценка на влијание врз животната средина, стратешка оценка на влијание врз животната средина и други теми блиски на одредување на влијание врз животната средина од повеќе од 100 земји во светот.

Со помош на спонзорство обезбедено од страна на Шведската Агенција за Развој (Sida) на IAIA - 05 Конференцијата присуствувавме и четири претставници од Македонија и неколку претставници од Србија и Црна Гора, Федерација на Босна и Херцеговина, Хрватска и Русија. Во исто време станавме и први членови на асоцијацијата IAIA од Југоисточна Европа.


Дел од учесниците на конференцијата во САД преставници од земјите во ЈИЕ

Два дена пред започнување на IAIA 05 Конференција ја имавме можноста да избереме присуство на обуки на различни теми од обласа на оценка на влијание врз животната средина спроведени од врвни експерти од обласа со повеќегодишно теориско и практично искуство.

Конференцијата беше одлично организирана и технички конципирана така да изобилуваше од постерски сесии, тематски форуми и конкурентни сесии фокусирани на главната тема *"Етика и квалитет"*.

За време на Конференцијата се зборуваше за обезбедување на квалитет на изработени студии за оценка на влијание врз животната средина, за обезбедување на квалитет во фазите на следење и продолжување на активностите после изработената студија за оценка на влијание, критериуми за донесување на одлуки при алтернативни решенија, сертификација на експерти за оценка на влијание врз животната средина и др. За време на четирите дена од Конференцијата нашата делегација контактираше со голем број на експерти од Австралија, Германија, Ирска, Канада, Америка, Нигерија, Холандија и од други земји со кои разменивме искуства и достигнувања како и можност за соработка во оваа област.

Во рамките на Конференцијата сите претставници од ЈИЕ се сретнавме со делегација од EIA (Оценка на влијание врз животната средина) Центарот во Шведска како преставници на Sida. На средбата ги предадовме нашите индивидуални трудови на тема *"Меѓународно поврзување на EIA експертите и подобрување на квалитетот на изработени EIA Студии"* и разговаравме со претставниците за понатамошна соработка.

Последниот ден од Конференцијата уживавме во техничката посета организирана по реката Чарлс при минување низ Бостон и можевме да дознаеме интересни работи за градот кој е наречен "центар на светот" и покрај тоа што не е космополитски како Њујорк или убав како Париз.

Бостон е прекрасен со единствениот спој на англиска архитектура и американски сон за високи згради од бетон и стакло, плени со своите знаменитости од времето на доселениците од Ирска и Англија, надалеку познатите шест универзитети (двата врвни: Хардвард и Масачусетс Институт на Технологија ) како и вкусната морска храна.

Сите информации кои ги собравме, контактите и дискусиите кои ги имавме за време на Конференцијата и новите сознанија кои ги стекнавме за новите трендови во обласа на оценка на влијание врз животната средина, сигурна сум дека ќе овозможат продолжување на активностите од оваа област во нашата земја.

Во колку сакате да дознаете повеќе за активностите на IAIA асоцијацијата, можноста за членување во истата и настани кои ги организира, посетете ја нејзината веб страна: www.iaia.org

*Контакт лице:*
**Славјанка Пејчиновска-Андонова**
*Раководител на Проекти*
**e-mail:** slavjanka@rec.org,mk

# РЕГИОНАЛНА СРЕДБА ЗА АРХУСКАТА КОНВЕНЦИЈА

Во рамките на проектот РЕРеП 2.2 *"Градење на Стратегија за Имплементација на Архуската Конвенција во Република Македонија"* со наслов *"Подобрување на Практиките Учество на Јавноста: Следни чекори во Имплементација на Архуската Конвенција во Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Србија и Црна Гора и Косово (УНМИК)"* на 9 и 10 мај, 2005 год. во Хотел "Инекс Горица" во Охрид се одржа првата Регионална Средба на која што присуствуваа одговорните лица за ратификација и/или имплементација на Архуската Конвенција од Министерствата за животна средина на земјите вклучени во проектот, по еден претставник од општини што се во фаза на изработка на ЛЕАП (Локален Еколошки Акционен План), како и по еден претставник од невладина организација активна во областа на учеството на јавноста во процесот на донесување на одлуки од областа на животната средина. На средбата беа презентирани резултатите од првите три месеци од имплементацијата на проектот во секоја земја.



Во работните сесии на средбата секоја земја изработи работен план според кој ќе се одвиваат понатамошните активности на проектот. Работните планови беа презентирани од страна на секоја земја учесник во проектот, што овозможи да се идентификуваат сличностите и разликите во потребите на земјите учеснички. На овој начин беше овозможена размена на досегашните искуства во процесот на имплементација на конвенцијата на земјите со слични потреби.

Владата на Република Македонија го усвои новиот Закон за животна средина, според кој ќе се направи конечна ревизија на постоечката Стратегија за Имплементација на Архуската Конвенција во Република Македонија. Следниот чекор е доставување на ревидираната Стратегија пред Собранието на Република Македонија со цел нејзино усвојување од страна на Владата на РМ.



За сите дополнителни информации во врска со проектот и со напредокот во процесот на имплементација на Архуската Конвенција во РМ можете да се обратите во канцеларијата на РЕЦ во Македонија или во Канцеларијата за комуникација со јавност при Министерството за животна средина и просторно планирање

*Контакт лице:*
**Корнелија Радовановиќ**
*Раководител на Проектот*
**e-mail:** kornelija@rec.org,mk

# ЕкоВести-ЕкоВести-ЕкоВ

## *Основана групација на фирми за еколошки консалтинг*

*Во рамките на Здружението за деловно консултативни услуги во Стопанската комора на Македонија се формира Групација на фирми за еколошки консалтинг. Основачкото собрание се одржа на 25.02.2005год, а на 8 јуни 2005год ја одржа својата јавна презентација во просториите на Стопанска Комора на Македонија.*

*Јавната промоција се одржа пред претставници од релевантни организации од земјава и странство чија дејност е поврзана со заштитата на животната средина и други заинтересирани институции како и претставници на јавни гласила. На јавната промоција беа презентирани фирмите кои пристапиле во Групацијата, како и целите, организациската структура и можните начини на соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и другите релевантни институции.*

*Во состав на Групацијата влегуваат следните фирми: Фармахем - Скопје, Еколошко Биро - Скопје, Флуид Проект - Скопје, Биоинжинеринг доо - Скопје, Иванов Инжинеринг ДОЕЛ - Битола, АБЦ Консалтинг - Скопје, ЕНВИРО - Л Скопје, Технолаб - Скопје, Еко Лес - Скопје, Ников Консалтинг Скопје, Еуромак - Контрол - Скопје, Македонија Проект - Скопје, Табос - Скопје, Деон Ас - Скопје, БАР Е.Ц.Е. - Скопје.*

*Групацијата избра Управен одбор во кој влегоа: Јосиф Таневски - Претседател, Никола Исајловски, Љупчо Аврамовски, Џоко Конгуловски и Сузана Темелковска како членови.*

*Членовите на групацијата го прифатија меморандумот за основање и потпишаа пристапници.*

***Д-р Јосиф Таневски***
*Претседател,*
*Групација на фирми за еколошки консалтинг*

## *Тренинг за имплементација на Директивата за Големи согорувачки постројки, Ирска од 1-5 јуни, 2005 година*

*На тренингот организиран од РЕЦ преку мрежата ECENA (Environmental Compliance and Enforcement Network for Accession), а поддржан од Ирската агенција за животна средина и од консултантската компанија Project management (PM), присуствуваа 4 претставници од Република Македонија.*

*Министерството за животна средина беше претставено од Државниот инспектор за животна средина М-р Зоран Димовски и од Д-р Бошко Ников и М-р Роберт Шарламанов кои работеа на изготвувањето на соодветното национално законодавство. Исто така присуствуваше и претставник на правниот сектор Г-ин Гордан Станковиќ.*

*Главата цел на тренингот беше, учесниците да се обучат во однос на имплементацијата на Директивата за големи согорувачки постројки на истоимените инсталации. Истовремено, беше потенцирана и корелацијата помеѓу оваа директива на ЕУ и Директивата за "Интегрирано спречување и контрола на загадувањето"(ИСКЗ) преку која всушност се воведува и системот на издавање дозволи на индустриски инсталации кои спроведуваат одредени активности.*

*За таа цел, тренингот беше организиран во 3 блокови. Првиот блок беше теоретски ориентиран, но истовремено и интереактивен. На учесниците на тренингот од страна на консултант од PM и од претставници од Ирската Агенција за животна средина им беше презентиран Ирскиот законодавен модел. Истовремено беа претставени и инсталациите кои беа предвидени да се посетат во следните 2 дена.*

*Вториот блок беше посветен на посета на 3 инсталации. Прва беше посетена фармацевтска компанија (BMS Cruiserath I). Акцентот во оваа компанија беше ставен на Постројката за согорување на течен отпад која според својот инсталиран капацитет потпаѓаше под Директивата за Големи согорувачки постројки, поседуваше Интегрирана еколошка дозвола и работеше според Најдобрите достапни техники (Best available techniques-BAT).*

*Втората Инсталација посетена од учесниците беше постројката за согорување тресет Edenderry, која исто така работеше според критериумите на BAT.*

*Вториот ден од тренингот, учесниците ја посетија Термо-централата Moneypoint, која согорува јаглен. Оваа постројка беше од особен интерес за Македонската делегација затоа што можеше да се види како менаџментот за животна средина на оваа компанија ги решава еколошките проблеми, кои се од ист карактер како и кај Термо-централата РЕК- Битола.*

*Последниот ден од тренингот беше интерактивен и учесниците поставуваа прашања во врска со посетите на големите согорувачки постројки.*

Изготвил:
***Роберт Шарламанов***
***Член на BERCEN мрежата***

ести-ЕкоВести-ЕкоВести

# THE REC CAPACITY BULDING PROGRAM

## The Internship Programme of the REC



This REC Program:

- Assists young environmental professionals from within and outside of the Central and Eastern European region in developing their careers;
- Improves cooperation between the REC and other organizations;
- Extends the REC's network in the region and beyond.

Interns should come from a university background. Interns may be able to work within the REC's own projects. The interns' work must be relevant to environmental topics in Central and Eastern Europe and will be carried out in concert with ongoing REC projects. During the internship, interns are assisted by a tutor from the REC staff. They have access to REC resources - such as the library, an Internet connection and e-mail - and they can take advantage of the REC's contacts in the region. The internships usually last between one and six months, though internships of more than one month are preferred. REC hosts approximately eight interns each year.

More inforamtion: http://www.rec.org/REC/Programs/Internship.html

## Course for Sustainability

This course aims to enhance the capacity of key senior government officials in the target countries to make more sustainable policies: environmentally, socially and economically. The programme is directed at senior government officials in six Central and Eastern European countries (Bulgaria, Croatia, Hungary, Poland, Romania and Slovenia).

Participants will include a broad mix of government officials from ministries of environment, water, energy, education, health, finance and interior, as well as from regional development agencies. To ensure the most relevant officials to participate, selection will be based on the existing governmental structures and responsibilities for implementing sustainable development policy.

The course enables participants to:

-join a high-level network of CEE government officials dedicated to sustainable development;
-build substance into their policy making on sustainable development; and
-develop and gain an overview of different approaches toward sustainability.

More informations: http://www.sustainablecee.net/index.html





What do you make of this?



The world is in your hands.



## Training for Young Environmental Leaders Programme for CEE

***Are you a young environmentalist, between 20 and 30 years old?***
***Do you have the potential to be a leader?***
***Are you ambitious, talented and resourceful?***
***Are you hungry to learn new skills and broaden your horizons?***
***Then the Training for Young Environmental Leaders programme has been designed for you!***

Participants from different backgrounds throughout Central and Eastern Europe are eligible for the programme. You should be between 20 and 30 years old, show a strong commitment to the environment in the CEE region, work in an environmental NGO, with citizenship of one of the participating countries, and speak and write English well.

The young environmentalists of Central and Eastern Europe have the potential to be the leaders of tomorrow. The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe (REC) has teamed up with Italian NGO L'Umana DiMora to establish a comprehensive Training for Young Environmental Leaders programme. It aims to provide advanced training in organizational and technological methods in a stimulating international atmosphere. The training sessions consist of three weeks of theoretical training in a multicultural setting at the REC's head office in Szentendre, Hungary, and a one-week study tour in Italy, focusing on management skills; the latest environmental methods (e.g. information technologies and market-based solutions); and the transfer of these skills to peers.

More information: http://www.rec.org/REC/Programs/Jfellows.html

**Schedule for 2005**

| *Training period* | *Application Deadline* |
|---|---|
| January 31 – February 26, 2005 | September 3, 2004 |
| April 4 – 30, 2005 | February 18, 2005 |
| September 5 – October 1, 2005 | July 15, 2005 |

**Schedule for 2006**

| *Training period* | *Application Deadline* |
|---|---|
| January 30 – February 24, 2006 | November 25, 2005 |
| May 8 – June 2, 2006 | February 17, 2006 |

**Capacity Building Programme**
Regional Environmental Center
for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut 9-11
2000 Szentendre, Hungary
Tel: (36-26) 504-000
Fax: (36-26) 311-294
E-mail: Adriana@rec.org

# Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

**Претставување**

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Кориснички земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Турција, Босна и Херцеговина и Србија и Црна Гора. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животната средина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

**Стратегија**

Развојните програми на РЕЦ се направени така што ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.



EXPERIENCE AND PARTNERSHIP

REC • 15 YEARS



Регионален центар за заштита
на животната средина
за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија

ул. "Илинденска" бр. 118
1000 Скопје

тел/факс: (02) 3090 135
(02) 3090 136
(02) 3060 146

e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

*Прима:*